**ВИТАМИНКА АД**

**Прилеп**

# Финансиски и бизнис план за 2024 година

Декември 2023

ВИТАМИНКА
vitaminka.company

## За нас

Витаминка АД во своето повеќе од 65 годишно постоење го создаде најголемиот свет на вкусови во Македонија и претставува составен дел од животите на неколку генерации, полни со спомени.и.бесценети.моменти.
Успешната приказна на Витаминка започна пред повеќе од 65 години. Во 1956 година во Прилеп е основана како компанија за црвен мелен пипер. Производство на само еден производен асортиман беше доволно за цели 18 години успешно работење, се до 1974 година.

Витаминка АД е голем македонски бренд во деловниот свет и компанија која опфаќа огромен број реномирани и етаблирани брендови. Својата водечка позиција на домашниот пазар ја аргументира со добро изграден корпоративен бренд кој е идентификуван по националната вредност, врвниот квалитет и традицијата.

Под слоганот на компанијата „свет на вкусови“ постои широк асортиман производи со приближно 350 видови пакувања. Опфаќа производство на различни вкусови (слатки, солени, кисели и топли) претставени како закуски, чоколади, десерти и бонбони, голема разновидност на пудинзи, пастеризирани производи, кечап, мајонез и различни сосови, вкусни супи и други додатоци во исхраната, како и бројни инстант производи и масло за јадење.

Еден сме од водечките прехранбени производители во Македонија и регионот. Со познатите брендови Стоби флипс од сегментот грицки, Атлантис од сегментот благи производи, брендот Цевитана од редот на инстант пијалоци, Витанез и кечап од сегментот на сосови и намази, па сѐ до Брилијант маслото за јадење и многу други, Витаминка АД е присутна во секојдневието на секое семејство.

## Мисија

Создавање на висококвалитетни производи кои влегуваат во светот на вкусовите. Широка достапност и прсутност на производите на Витаминка во секој момент во секој дом.

## Визија

Нашата визија е развивањето на бреднови кои го создаваат имиџот – број еден компанија за производство на храна во Македонија и регионот.

# Финансиски и бизнис план за 2024 година

Друштвото ПИ „Витаминка“ АД Прилеп, го усвои планот за работа за 2024 година на седницата на Одбор на директори одржана на 20.12.2023 година .

Предвидувањата во планот за работа се базирани врз основа на :

- Реалните пазарни очекувања, продажните проекции и можности за пласман на нашите производи на постоечките и новите пазари;
- Зголемување на продуктивноста и ефикасноста во искористувањето на сопствените ресурси и потенцијали;
- Намалување на поедини групи на трошоци во одредени сегменти.

Во продолжение следува приказ остварените и планираните приходи (не консолидирани) на Витаминка АД.

## Оперативни приходи од продажба




Планираните приходи од продажба за 2024г изнесуваат 80.188.000еур.

## Оперативни приходи од продажба домашен пазар/извоз




На домашен пазар планирано е да се реализира 62% од вкупната прродажба и 38% на странски пазар.

# Инвестиции

Имајќи ја предвид среднорочната стратегија за развој на друштвото и во 2024 година продолжува со инвестирање со цел следење на развојните процеси. Основно инвестициите се однесуваат на модернизирање и автоматизирање на техничко-технолошките процеси, зголемување на постоечките капацитети, воведување на нови производни линии, градежна реконструкција и адаптација на производни хали и магацини за складирање.

# Вработени

Вработените се најважната сила, а нивната лојалност темел на секоја компанија.

Витаминка АД постојано работи на подобрување на условите за работа на своите вработени, мотивирање, развој на компетенции, развој на системи и метоти да наградување и унапредување и сл.

# Општествено одговорно работење

Општествената одговорност е веќе години наназад дел од самата суштина и стратешка определба на Витаминка. Ангажираниот однос кон заедницата е интегриран и претставува суштински дел од плановите за развој или од секојдневното работење на компанијата. Преку активностите што ги спроведуваме или ги поддржуваме, ја демонстрираме нашата искрена грижа за заедницата, за подобрување на условите во различни општествени сегменти и за создавање еднакви можности за сите.

Одговорноста што како една од најголемите компании во земјава ја имаме, ја демонстрираме во повеќе области, здравство, спорт, социјална еднаквост, култура, поп култура. Некогаш фокусот на нашето внимание е цела група граѓани, а некогаш тоа се поединци, индивидуалци кои имаат потреба од ургентна помош или пак се истакнел со некој значаен подвиг и на тој начин го заслужува внимание на Витаминка.

Витаминка е општествено и еколошки одговорна компанија која посветено се грижи за животната средина, исполнувајки ги високите еколошки стандарди. Производство на електрична енергија од обновливи извори, рециклирање на големи количества различни материјали, донирање храна се само дел од нашите активности преку кои секојдневно придонесуваме за позелено и поздраво утре за сите нас.